*Република Северна Македонија*
*МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА*
*Бр.*
*11-09-2019 2019 година*
*Скопје*

*Врз основа на* ***член 77*** *од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година,* ***по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски*** *ја донесе следната:*

## *ОДЛУКА*
## *за јавна набавка*

*1.За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе постапка – поедноставена отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки и тоа: Набавка на масло за горење екстра лесно за потребите на подрачните одделенија на Министерство за правда.*

*1.1.Предмет (вид) на набавка: Набавка на масло за горење екстра лесно за потребите на подрачните одделенија на Министерство за правда.*

*1.2. Предметот на набавка е неделив.*
*Предметот на набавката е неделлив бидејќи за стоки од ист вид не е целисходно постапката да биде деллива, со оглед на тоа што стоките кои се предмет на набавка може да ги понуди еден ист економски оператор.*

*2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во* ***вкупен износ од*** *1.200.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 216.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 1.416.000,00 денари*

*Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 421 –Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година.*

3. *Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка*

*Постапката да се спроведе согласно* ***член 49****, од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на* ***поедноставена отворена постапка****, за доделување на договор за јавна набавка на стоки со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која завршува со електронска аукција како последна фаза.*

4. *Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно* ***член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена понудена по спроведена електронска аукција преку ЕСЈН.***

5. *Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на месечна фактура.*

6. *Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.*

7. *За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:*

| |
|---|
| 1. *Петар Мирковиќ -* ***претседател на комисија за јавни набавки*** |
| 2. *Суад Шакиров –****член на комисија за јавни набавки*** |
| 3. *Насер Ќамили –* ***член на комисија за јавни набавки*** |

| |
|---|
| 4. *Никола Бабановски -* ***заменик претседател на комисија за јавни набавки*** |
| 5. *Орхан Сулимани – заменик член на комисија за јавни набавки* |
| 6. *Берат Мехмеди – заменик член на комисија за јавни набавки* |

8. *Се задолжува комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од* ***член 79*** *од Законот за јавните набавки.*
9. *За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.*